Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, спомена нешто и рече: „Тоа ќе се случи кога знаењето ќе исчезне.“

Од Зијад бин Лебид, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, спомена нешто и рече: „Тоа ќе се случи кога знаењето ќе исчезне.“ Јас реков: „О, Божји Пратенику, како може знаењето да исчезне кога го читаме Куранот и ги учиме нашите деца, а нашите деца ќе ги учат своите деца, сè до Судниот ден?“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговори: „Тешко тебе, Зијад! Сметав дека си еден од најразумните луѓе во Медина. Зарем не гледаш дека евреите и христијаните го читаат Тевратот и Инџилот, а не постапуваат според ништо од тоа што е напишано во нив?!“

[صحيح لغيره] [رواه ابن ماجه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, додека седеше со своите асхаби, објаснувајќи им некои работи рече: „Ова е времето кога знаењето ќе биде одземено и загубено за луѓето.“ Зијад бин Лебид, Аллах нека е задоволен со него, се зачуди и го праша Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: „Како може знаењето да исчезне и да се изгуби од нас, кога го читаме Куранот и го учиме напамет, и ние исто така ги подучуваме другите, ги подучуваме нашите жени, нашите деца, а нашите деца исто така ќе ги подучуваат своите деца?“ Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го укори Зијад и му рече дека го сметал за еден од најразумните луѓе во Медина.“ Потоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објасни дека исчезнувањето на знаењето нема да се случи со исчезнување на Куранот, туку вистинското исчезнување бива кога нема да се работи според она што го налага Куранот. Како што и евреите и христијаните го читаат Тевратот и Инџилот, и покрај тоа не им користи и немаат корист од тие учења, бидејќи не работат според нив.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65045